# РАБОТИ (НИКОГАШ)!



Во Битола, од 11 до 14 август се одржа шестото издание на интернационалниот фестивал за современи уметности „Акто“. Како концепт, самиот фестивал опфаќа визуелни уметности, изведувачки уметности, музика и теорија на култура. Овогодишното издание на „Акто“ стави особен акцент на визуелните уметности и музиката. Фестивалот е дел од Битолското културно лето „Бит фест“ и се реализира со финансиска, логистичка и техничка поддршка од општината Битола.

И оваа година, фестивалот се презентираше преку двете константи форми со кои се занимава, а тоа се темата и просторите. Целта на фестивалот „Акто“, како што и стои во нивната програма, е отворање на културните рамки на едно современо општество преку нивно ре-поставување и дефинирање во нов контекст. Организатори на фестивалот беа уметничкиот директор и селектор Филип Јовановски, продуцентите Александар Јовановски и Борче Димитровски, а извршен продуцент Никола Димитровски. Куратор и селектор на дел од изложбите и перформансите беше Никола Узуновски. „Акто 6“ за своја насловна тема ја избра РАБОТИ (НИКОГАШ)! Според организаторите, повод за темата бил графитот што францускиот филозоф Ги Дебор го испишал на еден ѕид од улицата покрај реката Сена во Париз, кој гласел: Ne travaillez jamais / РАБОТИ НИКОГАШ! Така, точно после 58 години во Битола на улицата „Солунска“, е испишан графитот РАБОТИ (НИКОГАШ)! Таа коинциденција била искористена како тема за овогодишниот фестивал. Преку делата на овогодишните уметници се направи обид да се преиспита поимот на работа и во емотивна и во материјална смисла, како и негово значење во современиот контекст.

## УЧЕСНИЦИ

Како дел од уметничката програма на „Акто“, оваа година се појавија голем број учесници од Македонија, Италија, Хрватска, Бугарија, Мексико и Финска, додека во музичкиот дел преку дваесет познати музичари од Македонија, Србија и Канада. Од домашните уметници настапија Игор Јосифов, Сузана Милевска, Игор Тошевски, проект „Зеро плус“, Зоран Попоски, Драгана Заревска, Јасна Димитровска, групата „Авторски низ појавното“, Никола Узуновски, Филип Јовановски и Атанас Ботев. Целокупната програма се одржа во различни простори, како што е дворот на познатата битолска гимназија „Јосип Броз Тито“, автентичниот простор на планинскиот ресторан „Соколски“, плоштадот Магнолија, регионалниот пат Битола - Охрид, Центарот за култура и старото напуштено кино „Македонија“. Од Хрватска учествуваа Власта Делимар, Милан Божиќ, Немања Цвијановиќ и Петра Ковачиќ, Маријана Вуќиќ, од Бугарија Иван Мудов, а од другите простори уметничката група DETEXT (Raul Martinez и Valentin Duceac), гостинот Gaston Ramirez Feltrin, уметницата Anja Puntari од Финска, потоа визуелниот уметник Ruben Guttierez од Мексико, како и италијанските визуелни уметници Alessandro Mancassola и Barbara Ceriani Basilico, а на претпоследниот ден се одржа таканаречената „Ноќ на перформанси“ во соработка со фестивалот „Перфорације“ од Загреб, Хрватска.

## НАГРАДА

Фестивалската награда за интердисциплинарност „Драгиша Наневски“ ја доби перформативниот проект „In the mind's I“. Се работи за колаборативен проект на американскиот уметник Ворен Најдик и Факултетот за ликовни уметности, предводен од професорката Сузана Милевска и уметниците Дарко Алексовски, Симона Манчева, Филип Ризов, Катерина Соколова, Ирена Спироска и Слободанка Стевческа. Перформансите што тие ги изведуваат, претставуваат еден вид дијалози кои се изведуваат како театар на сенки. Учесниците што претходно ја избрале улогата на уметник или на куратор исценираат различни импровизирани ситуации, кои се случуваат во контекстот на уметничката сцена.

**(Д.Б.)**

фото: DAVITKOV










AKTO 6
(NE) TRAVAILEZZ (JAMAIS)!
(NEVER) WORK!
РАБОТИ (НИКОГАШ)
ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ
FESTIVAL FOR CONTEMPORARY ARTS
LE FESTIVAL D'ART CONTEMPORAIN
11.08.-14.08.2011 / BITOLA 11.08.-14.08.2011 / БИТОЛА





